ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 10.03.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски , Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски , Советник Александар Ангелов, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се контактира со изготвувачот на проектот за улицата "Кочо Рацин"Да се провери во МФ – Управа за имотно правни работи дали е претходно е спроведувана постапка за експропријација на овој дел. Никола Граматиков и Блаже Илиевски 10.03.2015

За доделената нафта да се контактира за условите за користење во координација со ДЗС и ЦУК. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

Известување во врска со пресметката за санација на ударните дупки , снимање и други активности за изготвување на проектот за тротоарите и да се определат 3 проекти со кои ќе се аплицира.Никола Граматиков 10.03.2015

Да се водат активности за проектите за водовод и канализација за м.в. Мезовски Ливади. Да се укаже за недостатоци за проектот за патот за Мезовски Ливади.Никола Граматиков 10.3.2015

Да се продолжи со активностите за Пазарската Патека Никола Граматиков 10.3.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Во врска со проектот за гасификацијата да се провери финансиската конструкција и реално согледување, да се види за лице кое ќе биде ангажирано за укажување на работите кои треба да се превземат и надзор на работите. Да се води сметка главната траса да ги опфати институциите и индустријата. Сите раководители 10.3.2015 г

Да се зголеми опхатот на УП за м.в. Калин Камен на локалитет кај Ловечка Куќичка за кој е добиена ажурирана геодетска подлога за 35 Ха. За локалитетот кај Мандрата се чека согласност од Министерство за живтна средина и просторно планирање . За локациите за хотелите кај Езерото планот е донесен се води постапка за негово картирање. Добривој Николовски 10.3.2015

Да се забрза постапката за легализација на Здравствениот Дом - центарот за дијализа Добривој Николовски 10.3.2015

Да се води постапката за ЛУПД за м.в. Царев Врв, Планинарски Дом врз Ловечката Куќичка. Површините да се внесат во Програмата за располагање со градежно земјиште Добривој Никопловски 10.3.2015

Да се проучи процедурата за продажба на големи површини од страна на потенцијални инвеститори на Осоговската планина. Да се види за проект за инфраструктура за жичара.Добривој Николовски 10.3.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се води постапката за Јавна набавка за влезно-контролна врата и да се контактира со е.о за набавка на ЦД и Тонери. Биљана Тасевска 10.3.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

Пренесено од претходниот колегиум

Да се направат консултации во врска со начинот и постапката за користење на песокот од речното корито. Бранко Велиновски. 02.03.2015

Пренесено од претходниот колегиум

Да се контактира со Министерството за животна средина и просторно планирање за добивање на планот за управување со отпад и да се забрза постапката за изработка на план за заштита од поплави. Бранко Велиновски, Добривој Николовски и Оливер Стојановски 16.02.2015

**Одделение за финансиски прашања**

Пренесено од претходниот колегиум

До градоначалникот да се достави листа за ажурирање на Данокот на имот. Од одделението за урбанизам да се обезбеди листата од регистарот на поднесени барања за легализација. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум

Во врска со наплата на Данок на имот и комунална такса да се изврши прочистување на должниците и да се даде известување околку наплатата на Данокот на имот и комуналната такса. Да се преземат активности за ажурирање на Данокот на имот. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум

До градоначалникот да се достави предлог за организација на продажбата на градежното земјиште, споредбена пракса со други општини Татјана Ѓеоргиевска. Да се утврдат парцелите кои можат да се продаваат, по потреба да се преземат соодветни активности за средување на парцелите и да се информира Градоначалникот за почетната цена за продажба на парцелите.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Пренесено од претходниот колегиум

За Стратешкиот план на општината да се формираат работни групи по области Состанок во Мала Сала во Вторник во 12.00 часот.Сите раководители 2.3.2015

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Да се види за пумпи за водоскок во Крива Река кај заезерувањето и кај вливот на Дурачка Река со Крива Река. Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 10.3.2015 година